ДРЖАВНА МАТУРА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА
ДЕЛ 1

ШИФРА НА КАНДИДАТОТ

ЗАЛЕПИ ТУКА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

## ДЕЛ 1

**Време за решавање: 60 минути**

**јуни 2015 година**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

## УПАТСТВО ЗА КАНДИДАТОТ

Внимателно прочитај го упатството. Не испуштај ништо.
Залепи ја едната шифра на означеното место на тестот (**„Шифра на кандидатот“**), а другата шифра на означеното место на **листот за одговори**.
**Не врти страници** и не почнувај со решавање на задачите сѐ додека не ти каже надгледувачот.
Тестот содржи задачи.
На задачите се одговара со заокружување на буквата пред точниот одговор;
Препишувањето е најстрого забрането. Покрај секоја задача е даден бројот на поените за точниот одговор.
Задачите се одговараат прво во тестот. Откако ќе завршиш со одговарањето на прашањата во тестот, **одговорите на задачите пренеси ги на листот за одговори**, според Упатството за пополнување дадено во него.
**Ти посакуваме многу успех!**

© ДИЦ 2015

**1** **Внимателно прочитај го извадокот од песната „Копачите“ од Кочо Рацин и одговори на прашањата.**

**КОПАЧИТЕ**

Се к'ти ноќта црна!
Се рути карпа - мрак!
И петли в село пеат
и зората се зори -
над карпа в крв се мие
и темнината пие
силно
светнал
ден!

Пробудете се морни
копачки и копачи -
на трудот
црн
народ!
Со мотика на рамо
за корка сува леб,
по патиштата стрмни,
по полињата рамни,
у вивнатиов ден -
да тргнеме и ние
страдалници од век!

На деда Богомил
земјата ровка, мека,
нибабрена за род,
со страдна душа чека
ударите ни јаки
со мотиките остри
по троскот
пелин
трат!

На работа!
На труд!

Да прокопаме меко
полињата родни
афион, тутун, житце
да родат благородни.

И по кривите вади
да пропуштиме води
за оризите млади
и зелени лободи.

На работа!
На труд!

Да роди род богат!
Да бликне живот млад!
На пепел троскот, пелин
во огин пламен јад!
Жилите да пуштат
корења длабоко
плодови да бликнат
високо, високо
слободно
на воздух!

**(1.1) Која година е објавена поетската книга „Бели мугри“?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. 1921 година.
Б. 1914 година.
В. 1939 година.
Г. 1940 година.

**(1.2) Која од дадените песни ја напишал Кочо Рацин?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. „Труд ми е името“.
Б. „Елегии за тебе“.
В. „Болен Дојчин“.
Г. „Минерва и девет музи“.

**(1.3) Мотивите во поезијата на Кочо Рацин се однесуваат на:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. работникот.
Б. жителот на градот.
В. познатите историски личности.
Г. сеќавањата и на минатото.

**(1.4) Што е претставено на симболичен начин во првата строфа од песната?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Поттчинетоста на работниците.
Б. Уништивањето на македонскиот народ.
В. Револуционерната преобразба на општеството.
Г. Поставувањето на темелите на новата држава.

**(1.5) Во која група песни припаѓа песната „Копачите“ според мотивот?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Социјална.
Б. Патриотска.
В. Пејзажна.
Г. Рефлексивна.

**(1.6) Зачестената употреба на согласките с, л, н „*силно / светнал / ден*“ упатува на употреба на стилската фигура:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Анафора.
Б. Алитерација.
В. Асонанца.
Г. Ономатопеја.

**2** **Прочитај го извадокот од романот „Чичко Горио“ од Оноре де Балзак и одговори на прашањата.**

Ти ги знаеш маките и страдањата што ги преживеав; ти си ги избројал бодежите со нож што сум ги добил за ова време кое ме остаре, ме измени, ме уби и ме обеле; зошто ме тераш да страдам и денес? Скапо го платив гревот што ги љубев премногу. Тие убаво ми вратија за моите чувства ме мачеа како џелати. Но, татковците се многу будали, јас ги сакав толку многу, што се враќав таму како коцкар кон коцката. Моите ќерки беа мојот порок; тие ми беа љубовници, со еден збор, сè. Штом некоја од нив имаше потреба од нешто, од некој украс, собарките ми го кажуваа тоа, јас им го давав за да ме пречекуваат убаво! Па сепак, тие ми држеа мали проповеди за моето поведение пред светот. Ох! Тие не чекаа до утре. Веднаш почнуваа да црвенеат поради мене. Ете што значи убаво да ги воспиташ своите деца. Меѓутоа, во мои години, јас не можев да отидам во училиште. (Ужасно ми е лошо, господе!) Доктори! Доктори! Нека ми ја отворат главата, ќе ми биде полесно.) Ќерки мои, ќерки мои! Анастазија, Делфина! Сакам да ги видам. Испратете жандармерија сосила да ги доведе! Правдата е на моја страна. Сè е на моја страна, и природните и граѓанските закони. Протестирам! Татковината ќе пропадне, ако татковците бидат подгазнати. Тоа е јасно. Општеството, светот, почиваат на татковството; сè ќе се сруши, ако децата не ги сакаат своите татковци.

*„Чичко Горио“, Скопје, „Мисла“, 1972*

**(2.1) Во овој фрагмент се опишува:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. моментот пред смртта на Горио.
Б. моментот на полудување на Горио.
В. моментот на примање на Горио во болницата.
Г. моментот пред средбата со неговите ќерки.

**(2.2) Причината заради која страда Горио е:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. натежнувањето на болеста.
Б. наближување на смртта.
В. отсуството на грижа на ќерките.
Г. неговото осиромашување.

**(2.3) Љубовта кон ќерките, Горио ја нарекува:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. болест и грев.
Б. зависност и носталгија.
В. казна и омраза.
Г. страв и немоќ.

**(2.4) Ликот на чичко Горио е окарактеризиран како:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. егоистична индивидуа.
Б. амбициозна индивидуа.
В. напуштена индивидуа.
Г. рамнодушна индивидуа.

**(2.5) Кој од долунаведените ликови од романот присуствува на погребот на Горио?** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Ежен де Растињак.
Б. Анастазија.
В. Делфина.
Г. Госпоѓата Вокер.

**(2.6) Општеството претставено во делото Чичко Горио е засновано врз вредноста на:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. знаењето.
Б. чесноста.
В. парите.
Г. љубовта.

**3** **Прочитај го извадокот од делото „Парите се отепувачка“ од Ристо Крле и одговори на прашањата.**

ПАНДЕ: (*однадвор*). Ееej! Ајде, излегувајте!

МИТРЕ: Анѓеле, готов ли си? Ајде, излегувај!

МАРА: (*се пушта го фаќа за рака*). Чекај, чедо, не брзај, земи збогум со сестра ти, таа нема да дојде со нас, не чини да ја затвораме куќава сама.

ДЕПА: Кога се испраќа на туѓина куќа не се затвора, клуч не се става.

МАРА: Земи ја ризата, стави му ја и речи му со здравје да си оди.

(*Ката ја зема ризата и му ја става околу вратот и и ја спушта главата на негово рамо, плаче.*)

КОТЕ: Што било тоа- плачење, пак ќе си дојде !

КАТА: Со...со...со... здравје, ба...ба...бате, да...да...да си одиш... Да не нè заборавиш... (*Го загрлува и го бацува.*)

КОТЕ: Женска работа, што требало плачење, не го праќате на бесење, на печалба го праќате. Речи му тука со здравје да си одиш, повеќе пари да спечалиш и побрзо да се вратиш...

ФРОСА: Така е, многу да не седи зашто ќе се заборави за ваму.

МАРА: Кате, софрава да не ја креваш додека не се вратиме. Вака нека стои.

ДЕПА: Не, ами, никогаш не сме ја кревале додека не сме се вратиле од попратувачка.

МАРА: Вратава од одајчето и портата да не ги затвораш, ќе останат дури до вечер.

КАТЕ: (*со плачење*). Убаво...

ПАНДЕ: (*се појавува на вратата*). Кинисувајте бре, луѓе што сакате да го остави дружината!

ДЕПА: У господ да брани!... Што зборуваш така?

МАРА: (*зема стомна со вода и ја става на прагот*). Ангеле кинисувај, срце, прв ти и кошни ја стомнава со ногата.

АНГЕЛЕ: Адет ли е?

МАРА: Еми, адет е штом ти велам!

ДЕПА: Слушај постари што те учат и прави, не прашувај. Безбели е адет што ти вели! Сите така си правиме!

МАРА: (*го загрлува*). Ај, со здравје да ми одиш, жив и здрав да ми се вратиш.

КОТЕ: Тоа ќе му го кажеш кога ќе се разделите кај Плачиврби, кај што е местото за плачење...

ДЕПА: Ти не ѝ се мешај на жената, сака од куќи да му рече со здравје. Таму ќе биде повторно.

МАРА: (*го бакнува*). Писма да ми праќаш, срце, понабрзо, мајка да не ми те дума.

КОТЕ: Море, пари-речи-да праќаш понабргу, та за писма ќе ти праќа.

ДЕПА: И писма и пари, златен!

МАРА: Многу години да не сеиш. Спечали што ќе спечалиш, прави економија, пак дојди си да те жениме. Гледај побрзо пуштај пари да ја омажиме сестра ти, да одбереме едно гајле, оти еве и таа дваесет на Митровден ги наполни. Еве, ние со татка ти четириесет ги поминавме, сто години не ќе сме живи, дојди си побргу. Така, синко, да ми си прокопсан да не ни се ситат душмани.

АНГЕЛЕ: Добро мајко, ич ти гајле да не бериш, ќе видиш што син си родила. (*ѝ ја бакнува раката*). Седи си со здравје. Гајрет! (*Очите му се наполнуваат со солзи.*)

Седи со здравје, татко. Пуцко да си! Пари ќе ти праќам секој месец: прво, да си исплатиш секаде каде што борчиш; после да ја омажиш Кате. Само гледај во некоја куќа убава - домаќинска.

МИТРЕ: (*кој досега се држи му излегуваат солзи на очите*). Ај, ти, синко, остави на мене и на мајка ти.

АНЃЕЛЕ: После пак ќе ти пратам да си купиш некое нивче, да не одиш аргат по туѓи ниви. Потоа да направиш куќа, убава куќа сакам да направиш и тогаш ќе дојдам да ме ожениш. Тебе ќе ти донесам еден олкав чибук (*ги раширува раце-те*) да седиш најгоре, да пушиш тутун и да даваш команда! Гајлето од куќата јас ќе го земам на глава.

МИТРЕ: (*бришејќи си ги очите*). Ашколсум, бре, синко, ако биде вака како што велиш, сево село ќе ни завидува. (*Го чука по рамото.*) Ако биде така, на коџобашијата од град ќе му ја побараме ќерка му...

**1 поен**

**(3.1) На кој драмски жанр, според темата, припаѓа делото „Парите се отепувачка“?**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Егзистенцијалистичка драма.
Б. Граѓанска драма.
В. Битово-социјална драма.
Г. Политичка драма.

**1 поен**

**(3.2) Во извадокот од делото, печалбарството се прикажува, пред сè, од аспект на:**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. причините за одењето на печалба.
Б. односот на општеството кон печалбарот.
В. обичаите поврзани со испраќањето на печалбарот.
Г. отпорот кон печалбарството како начин за заработувачка.

**1 поен**

**(3.3) Инспирацијата да го напише ова дело авторот ја добил од:**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. народна приказна.
Б. вистински настан.
В. поговорка.
Г. роман.

**(3.4) Кои социјални причини за заминувањето на Ангеле на печалба може да ги препознаеме во извадокот?**

1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Да може богато да ја омажат сестра му.

Б. Татко му да ги исплати долговите и да не работи како аргат.

В. Ангеле да го запознае далечниот свет.

Г. Да созрее преку водење одделен живот од семејството.

**(3.5) Мотивот на непрепознавањето како предуслов за трагичниот крај на драмата се однесува на тоа што:**

1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. сестрата не го препознава својот брат Ангеле.

Б. Ангеле не ја препознава својата сестра.

В. родителите не го препознаваат својот син.

Г. синот не разговара за роднинските врски.

**(3.6) Која особина на Митре, таткото на Ангеле, ќе доведе до трагичниот расплет на настаните во драмата?**

1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Алчност.

Б. Лицемерие.

В. Пасивност.

Г. Завист.

**4** **Определи како треба да ја акцентираме именката <u>неделава</u> во реченицата:** *Неделава се случија многу важни настани.*

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

**1 поен**

А. На првиот слог од крајот на зборот.
Б. На вториот слог од крајот на зборот.
В. На третиот слог од крајот на зборот.
Г. На четвртиот слог од крајот на зборот.

**5** **Која од дадениве множински форми е форма за избројана множина?**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

**1 поен**

А. Ридови.
Б. Рида.
В. Ридје.
Г. Ридја.

**6** **Кој од наведените зборови е предлог?**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

**1 поен**

А. Вчера.
Б. Меѓутоа.
В. За.
Г. Ќе.

**7** **Именките <u>забле</u>, <u>плачко</u>, <u>мрзло</u> имаат нагласена експресивна вредност и тие претставуваат:**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

**1 поен**

А. деминутиви.
Б. архаизми.
В. пејоративи.
Г. неологизми.

**8** **Определи каква придавка е употребена во реченицата:** *Мојата сестра е ученичка.*

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

**1 поен**

А. Описна.
Б. Бројна.
В. Заменска.
Г. Квалитативна.

**9** **Во реченицата:** *Филип стана рано*, **употребен е прилог за:**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

**1 поен**

А. количество.
Б. место.
В. време.
Г. начин.

**10** **Внимателно прочитај го текстот и одговори на прашањата.**

## ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА – СВЕТСКИ ПРОЦЕС

Глобализацијата е процес што го обележува 21 век, но нејзините корени се наоѓаат уште во 18 век. Во услови на слободна пазарна конкуренција, новите капиталисти добиле можност за доминација на светскиот пазар. Во средината на 20 век, преку глобализацијата се правеле обиди за надминување на кризата што ги зафатила најразвиените капиталистички земји. Меѓународните институции како Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд предлагаат спроведување унифицирани економски реформи за преструктурирање на националните економии во смисла на укинување на царинските бариери, рестриктивна монетарна политика, намалување на профитот и јавните трошоци, стабилен курс на националната економија, либерализација на законодавната регулатива и слично.

Влијанието на глобализацијата е евидентно во сите подрачја, а последиците од нејзиното дејствување се многубројни. Тоа е процес што се одвива континуирано и како таков тој е незапирлив. Како процес што се одвива континуирано, глобализацијата никого не остава рамнодушен, никого не остава неутрален. Денешното опкружување се карактеризира со големи и динамични промени. Сакаме да признаеме или не, сите ние претставуваме дел од глобализациските процеси и вклучени сме на некој начин во глобалниот поредок.

Високиот степен на развој на глобализацијата е потпомогнат и од развојот на информатичка технологија: Интернетот, дигитализацијата и компјутеризацијата. Информатичката технологија овозможува ширење на информациите, брз проток на информации и зголемен учинок на националната економија. Глобализацијата придонесува за нееднаков развој, поради што се смета дека таа претставува неправеден процес, кој не придонесува за општо добро на националните економии. Поради тоа глобализацијата предизвикува голем отпор од многу влади, организации, здруженија и поединци во посиромашните земји. Исто така, забележлива е појавата на силни антиглобализациски движења и во земјите со развиени пазарни стопанства. Тоа е причината поради која развиените земји почнаа со процеси на преобликување и создавање различни меѓународни институции, меѓународни заедници што се базираат на нови глобализациски принципи.

Високиот степен на глобалниот економски пораст со кој се карактеризира изминатата деценија придонесе богатите да станат побогати, а сиромашните посиромашни. Може да се каже дека глобализацијата претставува нов модел на дерегулација, кој се карактеризира со повисок степен на индивидуална одговорност за сопствената економска и социјална положба. Економската моќ се наоѓа во транснационалните компании и банки, кои раководени од интересите за поголем профит ги укинуваат границите на националните економии.

Програмите за приспособување поддржани од меѓународните финансиски институции придонесуваат за ширење на глобализацијата преку реализација на следните предуслови: укинување на сите бариери во меѓународната трговија и странските инвестиции, обезбедување висок степен на флексибилност на пазарот на трудот и намалување на социјалните трошоци. Реализирањето на наведените предуслови придонесува за спроведување општа либерализација, укинување на царинските бариери, обезбедување слободен проток на стока, капитал и луѓе. Високиот степен на флексибилност на пазарот на трудот подразбира, пред сé, намалување на правата на работниците и намалување на цената на трудот-платата. Намалувањето на социјалните трошоци го дисперзира, го прераспределува богатството во корист на сопствениците на капитал. Глобализацијата се шири незапирливо и предизвикува големи нееднакво распоредени економски, технолош-

ки, политички, културни и општествени ефекти. Се поставува прашањето: што може секоја индивидуа да очекува од неизбежниот и незапирлив процес на глобализација? Се разбира дека одговор нема, туку следуваат многу други прашања, како на пример што претставува глобализацијата. Дали е тоа оправдан, очекуван процес?

Какви се последиците од процесот на глобализација?

*Автор: Марија Магдинчева - Шопова*
*www.новамакедонија.com.mk/ 19 јуни 2009*

**1 поен**

**(10.1) Глобализацијата требало да влијае на надминувањето на кризата на капиталистичките земји во:**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. 21 век.
Б. 19 век.
В. 18 век.
Г. 20 век.

**1 поен**

**(10.2) Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд под унифицирани економски реформи подразбирале:**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. преструктуирање на националните економии.
Б. развој на информатичката технологија.
В. нови глобализациски принципи.
Г. одделување на националните економии.

**1 поен**

**(10.3) Процесот на глобализација:**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. е поддржан од институциите.
Б. се одвива континуирано.
В. има економски пораст.
Г. се одвива со прекини.

**(10.4) Високиот степен на глобализација е помогнат од:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. многу влади, здруженија, институции.

Б. Интернетот и компјутеризацијата.

В. националните економии.

Г. невладините организации.

**(10.5) Во изминатата деценија главна идеја на глобализацијата била:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. поголема индивидуална одговорност.

Б. зголемување на правата на работниците.

В. богатите да станат побогати, а сиромашните посиромашни.

Г. намалување на улогата на раководството на компаниите.

**(10.6) Под висок степен на флексибилност на пазарот на трудот се подразбира:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. намалување на царината.

Б. зголемување на социјалните трошоци.

В. намалување на платата.

Г. антикризни мерки.

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*